# ТРАЈКО ТОШЕВСКИ



# TRAJKO TOŠEVSKI

ТРАЈКО ТОШЕВСКИ е роден 1950 година Во Куманово. Средно уметничко училиште завршил во Скопје. Академија за ликовна уметност-сликарство, завршил во Љубљана во класата на професорот Габриел Ступица. Член е на ДЛУМ. Учествувал на повеќе групни изложби во: Скопје, Белград, Љубљана, Пиран, Битола, Врање, Штип и Куманово.
Исто така учествувал и на повеќе ликовни колонии. Добитник е на три младински награди и Прешернова награда доделена од Академијата за ликовна уметност во Љубљана. Реализирал околу дваесетина самостојни изложби.

Најновото творештво на Тошевски го следиме преку цртежите и сликите кои ги продуцира во изминатите неколку години и кои воглавно се континуитет во неговиот голем сликарски опус,работен во техника масло на платно.
Некогашните комплексни сцени и мртви природи работени со брз и прецизен експресивен потег, еволуираат во сосема редуцирани и минимализирани знаковни елементи.
Тошевски повеќе твори геометриски композициски решенија, кои имаат примеси на традиционална симболичност и амблематичност.
Во едноставниот цртеж,употребата на бојата ја редуцира со што создаве едноставни колористички солуции кои комуницираат на некој специфичен начин.

Трајко Тошевски живее и работи во Куманово,како самостоен уметник.

Адреса: Иво Лола Рибар 27 Телефон: 031/529-219











Издавач: Национална установа музеј - Куманово
За издавачот: Јовица Станковски
Организација: Перо Величковски
Дизајн на каталог: Александар Симоновиќ - Симо
Фотографии: Душан Доцевски
Печати: Киме Граф Куманово
Тираж: 300

Министерство за култура на Република Македонија